Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 01-1740/1
18.10.2023 год.
ОБЛЕШЕВО

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ: 4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
Web : www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

П Р А В И Л Н И К

за систематизација на работните места во Општина Чешиново-Облешево

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 01-1740/1
18.10 2023 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево, на ден 18.10.2023 година, донесе

П Р А В И Л Н И К

За систематизација на работните места во Општина Чешиново-Облешево

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработени (административни службеници, даватели на услуги, помошно – техничкилица) во Општина Чешиново-Облешево, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Општина Чешиново-Облешево се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Општина Чешиново-Облешево.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Општина Чешиново-Облешево е составен дел на правилникот за систематизација на работните места.

II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 50 работни места (извршители) од кои 45 работни места (извршители) на административните службеници, и 5 работни места (извршители) на помошно-технички лица распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на општинската, администрација, на општина Чешиново-Облешево, од кои пополнети се 17 работни места на административни службеници и 3 работни места на помошно технички лица, односно вкупно 20 извршители

Работните места на административните службеници се распоредени на следниов начин:

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
А05	1	0
Б01	0	0
Б02	3	0
Б03	0	0
Б04	9	2
В01	18	7
В02	1	1
В03	5	2
В04	3	3
Г01	5	2
Г02	0	0
Г03	0	0
Г04	0	0
Вкупно	**45**	**17**

Член 6

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор за адмнистративните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 7

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за секретари од категоријата А, ниво А5, звањенаработнотоместо – Секретарсоседиштевосело, се:

а) Стручни квалификации - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

б) активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);

в) активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

г) потврда за положен испит за административно управување;

д) работно искуство, и тоа:

- за нивото А5 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

2) Потребни општи работни комепетенции на напредно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- стручни квалификации за сите нивоа–ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:

- за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во привате нсектор,
    - за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалк уосум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
    - за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
    - познавање на еден од трите најчесто користенијазицинаЕвропскатаунија (англиски, француски, германски),

(2) Потреби општи работни комепетенции на напредно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:
    - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
    - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
    - занивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
    - занивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,

  - занивото В3 најмалку една година работно искуство во струката или
  - занивото В4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

(2) Потребни општи работни комепетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 10

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно–стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Работно искуство, и тоа:
  - За нивото Г1 најмалку три години работноискуство во струката,
  - За нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - За нивото Г3 најмалку една година работно искуство во струката или
  - За нивото Г4 со или без работно искуство во струката;
- Познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

(2) Потребни општи работни комепетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

III. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ИНСПЕКТОРИТЕ

Член 11

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно4 работни места со 4 извршители на инспектори, распоредени во Одделение за инспекциски надзор, - Инспекторат од кои пополнети се 1 извршител.

Член 12

Работните места од членот 10 на ово јправилник се распоредени на следниот начин:

Инспектори:

ниво	**Систематизирани извршители**	**Пополнети извршители**
Б02		
Б03		
Б04	1	
В01	2	
В02		
В03		
В04	1	1
Вкупно	**4**	**1**

Член13

(1) Кандидатот за инспектор од категорија Б, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови:

1) Стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
2) Работно искуство и тоа:

- Б1–најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалк две години како инспектор,
- Б2–најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор и
- Б3 и Б4 – најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор;

3) Општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;

4) Посебни работни компетенции за сите нивоа: -активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.
-

Член 14

(2) Кандидатот за инспектор од категорија В, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови за:

1) Стручни квалификации и тоа:

- За нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС илизавршен VII/1 степен и
- За нивоата В2, В3 и В4 – ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредитиспоред ЕКТС илизавршен VII/1 степен и

2) Работно искуство и тоа:

- В1–најмалку три години работно искуство по дипломирањето,
- В2–најмалку две години работно искуство по дипломирањето,
- В3–најмалку една година работно искуство по дипломирањето,
- В4– со и без работно искуство по дипломирањето;

3) Општи работни компетенции за сите нивоа согласносо Рамката на општи работни компетенции;

4) Посебни работни компетенции за сите нивоа: - активно познавање на еден од

трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) активно познавање накомпјутерски програми за канцелариско работење

IV.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Член 15

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 5 работни места со 5 извршители на помошно–техничкителица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Општина Чешиново-Облешево од кои пополнети се 3 извршители.

Ниво	**Систематизирани извршители**	**Пополнети извршители**
А1	**2**	
А2	**2**	**2**
А3	**1**	**1**
ВКУПНО	**5**	**3**

Член 16

Работните места од членот 15 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

- Ниво А1 -- -- помошно-технички лица од прво ниво- 1
- Ниво А2 -- -- помошно-технички лица од второ ниво - 1
- Ниво А3 -- -- помошно-технички лица од трето ниво– 1

(превоз на лица и опрема)

- НивоА2 -- -- помошно-технички лица од второ ниво -1

(други помошно – технички лица)

- Ниво А1-- -- помошно-технички лица од прво ниво -1

Член 17

Општи услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно – техничките лица се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена состојба;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 18

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица, во областа превоз на лица и опрема II, од категоријата А, ниво А2, звање на работно место – возач II се :

а) Стручни квалификации:

- Најмалку средно образование;

б) Работно искуство:

- најмалку 1 година работно искуство.

Член 19

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица, во областа други помошно – технички лица II, од категоријата А, ниво А2, звање на работно место – домаќин се :

а) Стручни квалификации:

- Најмалку средно образование;

б) Работно искуство:

- со или без работно искуство.

Член 20

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно – техничките лица, во областа на други помошно – технички лица III, од категоријата А, ниво А3, звање на работно место – курир се:

а) Стручни квалификации:

- Најмалку основно образование;

б) Работно искуство:

- со или без работно искуство.

Член 21

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно – техничките лица, во областа на други помошно – технички лица III, од категоријата А, ниво А3, звање на работно место – Хигиеничар/ка се:

а) Стручни квалификации:

- Најмалку основно образование;

б) Работно искуство:

- со или без работно искуство.

Член 22

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно – техничките лица, во областа на други помошно – технички лица III, од категоријата А, ниво А3, звање на работно место – Кафекувар/ка се:

а) Стручни квалификации:

- Најмалку основно образование;

б) Работно искуство:

- со или без работно искуство.

V.ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТАВООПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Секретар на општина	
Реден број	**1**
Шифра	**УПР 01 01 А05 000**
Ниво	**А5**
Звање на работно место	**Секретар со седиште во село**
Назив на работно место	**Секретар на општина со седиште во село**
Број на извршители	**1**
Одговара пред	Градоначалник на општината
Вид на образование	Научно истражувачко поле : Општествени науки Научно истражувачко подрачје: право, политички науки, економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно и ефективно раководење со вработените во единицата на локалната самоуправа во Општина Чешиново-Облешево;обединување на работата на институцијата и раководење со сите административни службеници; поддржување на работата на Градоначалникот

Работни задачи	• раководење со вработените во институцијата, организирање на редовни колегиуми во институцијата и давање упатства на раководните и другите административни службеници; • одговара за унапредување на организацијата и условите за работа, функционирањето и методот на работа на општинската администрација и стандардизацијата на работните постапки; • остварување на стратешкиот план, програмата за работа и буџетот на Општината, спроведување на одлуките, заклучоците, насоките и упатстватана Градоначалникот; • грижа за уредноста и ажурноста во работата по предметите, вршењето на административните работи, унапредување на организацијата и условите за работа, функционирањето и работата и примена на стандардизираните процедури за работа во локалната самоуправа; • координирање на подготовката на материјали и документи, кои содржат: предлози за стратешки документи на институцијата (стратешки план, програма за работа, програмаза стручно усовршување, извештај за работење), совети по прашања поврзани со политиките на институцијата и со претставувањето на институцијата во рамките на јавниот сектор и пред јавноста, извештаи за раководењето во институцијата и други материјали; • оценување на раководни административни службеници од непосредно пониското ниво, а попотреба и на други административни службеници кои се вработени во организационата единица со која раководи; • соработка со други државни органи, органи на локалната власт, домашни и меѓународни организации на соодветно ниво, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор; • давање совети по прашања поврзани со претставувањето на општината во рамките на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и пред јавноста и учествува во работата на работните тела на општината; идиректно соработува со секретарите во органите на централната и локалната власт, домашни и меѓународни организации, на

	соодветно ниво и претставниците на граѓанскиот сектор особено во контекст на обезбедување на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

1. Одделение за инспекциски работи	
Реден број	**2**
Шифра	**ИНС 01 01 Б04 001**
Ниво	**Б4**
Звање на работно место	**Виш инспектор**
Назив на работно место	**Виш инспектор за инспекциски надзор**
Број на извршители	1
Одговара пред	Секретар на општина
Вид на образование	**Научно истражувачко поле :** Инженерство и технологија **Научно истражувачко подрачје:** Градежништво
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено раководење со работата на одделението, ефикасно, ефективно и квалитетно спроведување на прописите за градежно-урбанистичка и комунална инспекција, и заштита на животната средина.
Работни задачи	• раководење со одделението (организирање, насочување и координација на работата, вршење контрола и надзор над извршувањето на работите, распоредување на работите и задачите на администртивните службеници во одделението, давање стручна помош, совети и вршење на менторство на административните службеници од пониско ниво, грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените); • врши оценување на административните службеници во одделението, а по потреба и на други административни службеници и учествува во оценувањето на административни службеници во други институции);

	• учествува во изработувањето на стратешкиот план на одделението, извештајот за работа, функционалната анализа, актите за внатрешна организација и систематизација на работни места во одделението; • ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа особено од областа на за градежно-урбанистичка и комунална инспекција, инспекција за сообраќај и патишта и заштита на животната средина и се грижи за нивна примена во Општината; • врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината во урбанистичко-градежната област; • организира, координира и учествува или непосредно изготвува одлуки и други прописи, програми, информации и други акти; • врши оценка на потребите за обуки и предлага насоки за доусовршување на вработените; соработува со другите административни службеници во локалната самоуправа и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашања од делокруг на одделението;

1.Одделение за инспекциски работи	
Реден број	**3**
Шифра	**ИНС 01 01 В01 001**
Ниво	В1
Звање на работно место	Советник инспектор
Назив на работно место	Советник инспектор – урбанистичко градежен инспектор
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	**Научно истражувачко поле :** Инженерство и технологија **Научно истражувачко подрачје:** Градежништво
Други посебни услови	

Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на инспекциските работи од областа на урбанизмот.
Работни задачи	• врши работи на инспекциски надзор над примената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на него; • врши инспекциски надзор над градби од трета, четврта и петта категорија; • континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и градењето, врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината во областа на градењето; • врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди и изрекува со закон пропишани мерки, води управна постапка во прв степен и донесува решенија; • одговара на жалби во второстепена постапка и поднесува жалби во второстепена постапка; исто така поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка, врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби; • изготвува анализи, информации и други материјали, изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината; • учествува во оценувањето на административните службеници во Општина Чешиново - Облешево и на административни службеници во други институции; • дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониско ниво; • соработува со другите административни службеници во Општина Чешинво облешево.

1.Одделение за инспекциски работи	
Реден број	**4**
Шифра	**ИНС 01 01 В01 001**

Ниво	B1
Звање на работно место	Советник иснпектор
Назив на работно место	Советник инспектор за комунални работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Високо образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на инспекциските работи од областа на комуналните работи.
Работни задачи	• континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и комуналните дејности; • врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината во областа на комуналните дејности; • врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди и изрекува со закон пропишани мерки; • води управна постапка во прв степен и донесува решениа и поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка; • ги известува надлежните органи на државната управа за повреди на прописите што се од нивна надлежност; • изготвува анализи, информации и стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината, дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти; • учествува во оценувањето на административните службеници во Општина Чешиво Облешево и на административни службеници во други институции; • дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониско ниво;соработува со другите административни службеници во Општина Чешиново-Облешево.

1.Одделение за инспекциски работи	
Реден број	5
Шифра	**ИНС 01 01 В04 001**
Ниво	В4
Звање на работно место	Помлад инспектор
Назив на работно место	Помлад инспектор за животна средина
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Природно-математички науки (биологија, физика, геофизика, географија, геологија, минерологија, хемија и биохемија), техничко-технолошките науки (архитектура, урбанизам и планирање, електротехника, електромашинство, енергетика, геодезија, градежништво и водостопанство, хемиско инженерство, хемиска технологија, индустриско инженерство и менаџмент, контрола на квалитет, машинство, материјали, металургија, применета геологија и геофизика, регулација и управување со технолошки процеси, рударство, животна средина), медицинските науки (фундаментални медицински науки и медицинска технологија), биотехничките науки (наука за земјиштето и хидрологија, заштита на растенија, растително производство, овоштарство, лозарство, ветеринарна медицина, добиточно производство (сточарство), рибарство, шумарство и хортикултура, преработка на дрво, биотехнологија и прехранбена технологија) и општествени науки (безбедност)
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на инспекциските работи од областа на животната средина.
Работни задачи	• континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, заштитата на животната средина,

	управувањето со отпадот, квалитетот на амбиентниот воздух; • врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината согласно со Законот за животната средина, Законот за управување со отпадот и Законот за квалитетот на амбиентниот воздух; • врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди;изрекува со закон пропишани мерки; • води управна постапка во прв степен и донесува решенија;одговара на жалби во второстепена постапка; • поднесува жалби во второстепена постапка;поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;ги известува надлежните органи на државната управа за повреди на прописите што се од нивна надлежност; • врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби;изготвува анализи, информации и други материјали; • изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти; • учествува во оценувањето на административните службеници во Општина Чешиново-Облешевои на административни службеници во други институции; • дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониско ниво;соработува со другите административни службеници во Општина Чешиново-Облешево.

1.Одделение за инспекциски работи	
Реден број	**6**
Шифра	**УПР 01 01 Г01 000**
Ниво	**Г1**
Звање на работно место	Самостоен референтнт
Назив на работно место	Самостоен референт – комунален редар

Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделние
Вид на образование	Вишо/средно гимназиско образование или средно стручо образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на работата на инспекциските служби.
Работни задачи	• врши контрола над одржувањето на чистотата во Општината, согласно Законот за јавна чистота и Одлука од Советот на Општината; • се грижи за целосно спроведување на годишната програма за јавна чистота во Општината; • врши надзор на чистотата во реонот од Општината кој го покрива и согласно Законот предлага мерки за подобрување на јавната чистота; • на сторителите на прекршоци им изрекува глоба согласно со закон; • изготвува покана за платен налог; на сторителите на прекршокот му предлага постапка за порамнување согласно закон, за што составува Записник; • на сторителите на прекршок предлага вршење на општокорисна работа, согласно закон; • поднесува предлог до овластен и отопштински инспектор за поведување прекршочна постапка, согласно закон; води евиденција за изречените глоби, постапките за порамнување изавршителите на општокорисна работа; води евиденција за наплатените и ненаплатените глоби; • соработува со овластени лица од Министерство за внатрешни работи; излегува на лице место за утврдување на состојби по поднесени усни или писмени барања на граѓанитеи по службена должност; • дава предлози за разрешување на состојби во областа во која работи; врши стручна обработка на прашања што се од значење за примена на законските одредби ;изготвува анализи, информации и други материјали; учествува во оценувањето на административни службеници во локалната самоуправа на Чешиново-Облешево и на административни службеници во други институции.

2.Одделение за внатрешна ревизија	
Реден број	**7**
Шифра	**УПР 01 01 Б04 000**
Ниво	**Б4**
Звање наработно место	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за внатрешна ревизија
Број наи звршители	1
Одговарапред	Градоначалник на општината
Вид на образование	**Научно истражувачко поле :** Општествени науки **Научно истражувачко подрачје:** право , економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на внатрешната ревизија и раководење со одделението
Работни задачи	• раководење со одделението (организирање, насочување и координација на работата, вршење контрола и надзор над извршувањето на работите, распоредување на работите и задачите на администртивните службеници во одделението, давање стручна помош, совети и вршење на менторство на административните службеници од пониско ниво, грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените); • врши оценување на административните службеници во одделението, а по потреба и на други административни службеници и учествува во оценувањето на административни службеници во други институции); • учествува во изработувањето на стратешкиот план на одделението, извештајот за работа, функционалната анализа, актите за внатрешна организација и систематизација на работни места во одделението;

	• ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа особено од областа на внатрешната ревизија и се грижи за нивна примена во Општината; • се грижи за квалитетно извршување на внатрешната ревизија и примената на насоките дадени од Министерството за финансии и ги евидентира ревизорските активности и чување на документите од ревизиите; • обезбедува обука за внатрешните ревизори, подготвува обука за внатрешните ревизори, подготвува и поднесува годишни планови за обуки до Градоначалникот на Општината за нивно одобрување и обезбедување нивна имплементација; • ги проценува капацитетите и ресурсите на единиците за внатрешна ревизија на годишно ниво и доставува препораки до Градоначалникот на Општината за нивната усогласеност со годишниот план за ревизија и го известува Градоначалникот на Општината за спроведувањето на годишниот план за ревизија и дава објаснување за промените во планот за ревизија; • врши ревизија на усогласеноста на регулативата, односно дали работењето на органите на општината и општинската администрација е во согласност со законите, подзаконските акти и прописите на општината што се во сила; • вршење на финансиска ревизија или проверка на точноста на комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаји и врши други работи предвидени со Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор; и соработува со другите административни службеници во локалната самоуправа и со раководни административни службеници на соодветно ниво од дрги органи, за прашања од делокруг на одделението.

2.Одделение за внатрешна ревизија	
Реден број	**8**
Шифра	**УПР 01 01 В01 000**

Ниво	B1
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник внатрешен ревизор
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделние
Вид на образование	**Научно истражувачко поле :** Општествени науки **Научно истражувачко подрачје:** право,економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на внатрешната ревизија.
Работни задачи	• учествувапри планирањето и извршувањето на ревизиите согласно законските прописи, меѓународните стандарди за внатрешна ревизија и воспоставените ревизорски политики во Општина Чешиново-Облешево ; • учествува при презентирањето и дискутирањето за ревизорскиот извештај со ревидираниот субјект за да се усогласат околу констатираните забелешки и препораки; • изготвува база на податоци за следење и имплементација на наодите и преораките; • прибира податоци и информации неопходни за подготовка на материјали и документи за стручни анализи на прашања кои се од значење за примена на законодавството од областа на внатрешната ревизија; • ги следи и применува прописите од областа на внатрешната ревизија; • учествувавооценувањетонаадминистративнислужбеницивосвојатаинституција и на административни службеници во другии нституции; и соработува со другите административни службеници во Општина Чешиново-Облешево.

3.Одделние за финансиски прашања

Реден број	**9**
Шифра	**УПР 01 01 Б04 000**
Ниво	Б4
Звање на работно место	Раководител на одделние
Назив на работно место	Раководител на одделение за финансиски прашања
Број на извршители	1
Одговара пред	Секретар на општината
Вид на образование	**Научно истражувачко поле :** Општествени науки **Научно истражувачко подрачје:** Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на финансиски прашања и ефикасно, ефективно раководење со одделението
Работни задачи	• давање совети на Секретарот и Градоначалникот за прашања од неговиот делокруг на работа и поддршка на нивната работа, • раководење со одделението (организирање, насочување и координација на работата, вршење контрола и надзор над извршувањето на работите, распоредување на работите и задачи на вработените во одделението, давање стручна помош, совети и вршење на менторство на административните службеници во одделението, грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените); • врши оценување на вработените во одделението, а по потреба и на други административни службеници и учествува во оценувањето на административни службеници во други институции); • учествува во изработувањето на стратешкиот план на локалната самоуправа, извештај за работа, функсионалната анализа, актите за внатрешна организација и систематизација на работни места и други документи;

	• се грижи за остварувањето на планот за работа на одделението; • дава задолженија на вработените во одделението, предлага концепти на одлуки и други прописи за уредување на односи, состојби и прашања и иницира решавање на одделни проблеми и одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите во одделението; • одговорен е за законско, навремено, ефикасно и квалитетно подготвување и извршување на буџетот на Општината; • одговорен е за ефикасното и ефективно организирање и реализација на утврдувањето и наплатата на даноците, таксите и другите надоместоци што се приходи на Општината, ги следи законските и подзаконските прописи и другите општи акти од областа на буџетското работење, финансирањето на единиците на локалната самоуправа, уредувањето на изворите на приходи на Општината, водењето на сметководството за буџетите и буџетските корисници и други прашања од областа на финансиското и материјалното работење и се грижи за нивна примена; • соработува со другите раководни административни службеници во администрацијата на Општина Чешиново-Облешевои со други административни службеници надвор од институцијата.

3.Одделние за финансиски прашања	
Реден број	**10**
Шифра	**УПР 01 01 В01 000**
Ниво	В1
Звањен а работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за финансиско- сметководствени работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение

Вид на образование	**Научно истражувачко поле :** Општествени науки **Научно истражувачко подрачје:** Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на финансиско-сметководствени работи.
Работни задачи	• подготвува годишна завршна сметка и основни извештаи • учествува во изготвување на финансиски план и поединечни извештаи • врши книжење на сметководствени документи во деловните книги • води сметководствено евидентирање на доспени обврски • врши исплата по сметководствен документација • врши пресметка и исплата на плати на вработените • ги следи и применува прописите од областа на материјалното финансиско работење • врши и други работи од делокругот на неговата работа

3.Одделние за финансиски прашања	
Реден број	**11**
Шифра	**УПР 01 01 В01 000**
Ниво	В1
Звањенаработноместо	Советник
Назив на работно место	Советник за утврдување и наплата на локални даноци и други надоместоци
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	**Научно истражувачко поле :** Општествени науки **Научно истражувачко подрачје:** Економија и бизнис
Други посебни услови	

Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на утврдување и наплата на локални даноци и други надоместоци.
Работни задачи	• Ги следи прописите од надлежната област и врши нивно спроведување; • Врши книжење на изводите по уплати и сметки од даноци на имот, даноци на наследство и подарок, данок на промет на недвижности, камати за ненавремено платени даноци на имот, административни такси, комунални такси по сите основи, локални такси, надомест и по сите основи, приходи од парични казни; • Издава уверенија побарање на обврзниците за платени даноци спрема општината; • Врши проверка и следење на уплати за платени даноци, комунална такса и други приходи на општината • Врши прием нас странки, изготвува анализа информации и извештаи, • Врши ажурирање на даночните пријави, ажурирање на финансовите картици по обврзници, ажурирање на решенија поданоци и такси, отписи и приписи; • Се грижи за навремено прибирање на книговодствените исправи и помага при водење на евиденција на примените фактури, испратници и друго; • Помага во водење на благајничкото работење и сите уплати и исплати и во книжење во книгата на благајната;

3.Одделние за финансиски прашања	
Реден број	**12**
Шифра	**УПР 01 01 В01 000**
Ниво	В1
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за материјално финансиски работи
Број на извршители	1

Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	**Научно истражувачко поле :** Општествени науки **Научно истражувачко подрачје:** Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на материјално финансиски работи.
Работни задачи	• спроведува рутински стручно-административни, материјални, финансиски и други работи од административна природа, во согласност со упатства на непосредно претпоставениот раководен административен службеник; • контирање на книговодствената документација на буџетот и редовната сметка за работење на општината; • подготовка на налози за книжење; • учествува во изготвување на месечни прегледи за остварување на приходите и извршувањето на расходите на буџетот; • подготовка на налози за префрлање на средства од буџетот на крајните корисници; • учествува во изготвување на периодични пресметки; • води регистар на влезни и излезни фактури; • врши оформување на финансиската документација и нејзино средување и проследување; • учествува во оценувањето на административните службеници во Општина Чешиново-Облешево и на административни службеници во други институции; • соработува со другите административни службеници во Општина Чешиново-Облешево.

3.Одделние за финансиски прашања	
Реден број	**13**
Шифра	**УПР 01 01 В01 000**

Ниво	B1
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник одговорен сметководител
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделние
Вид на образование	**Научно истражувачко поле :** Општествени науки **Научно истражувачко подрачје:** Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и навремено извршување на работни задачи и обврски кои се однесуваат на сметководсветните работи.
